Совет на Општина Делчево
Број 09-2467/2
28.12.2021 година
Д е л ч е в о

ЗАПИСНИК
од одржаната Третата седница на
Советот на општина Делчево

Третата седница на Советот на Општина Делчево се одржа на 28.12.2021 година, во мултифункционалниот центар, со почеток во 14:00 часот.

На седницата присуствуваа 14 членови на Советот на Општина Делчево.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Гоце Попов, претседател на Советот на Општина Делчево, кој на почетокот ги информираше членовите на Советот дека итното свикување и одржување на претходната седница вродило со плод, имено на Општина Делчево ѝ е одобрен проектот за изградба на детската градинка во наслебата Стар Расадник. Од негово лично име тој име се заблагодари на советниците и на градоначалникот кој успеал да издејствува и излобира овој проект да биде одобрен токму на нашата општина.

За Третата седница на Советот го предложи следниот

**Дневен ред**
**-Усвојување на Записник од Втора седница**

1. Предлог-Одлука за формирање на Комисија за изработка на Програма за работа на Совет за 2022 година;
   **Образлагач:** Гоце Попов-Претседател на Советот на Општина Делчево.
2. Извештај за рализација на Програмата за социјална заштита на Општина Делчево за 2021 година со Заклучок за усвојување;
3. Предлог-Програма за родова рамноправност на мажите и жените на Општина Делчево и работа на Комисијата за еднакви можности за 2022 година;
4. Предлог-Одлука за измена на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за формирање Совет за социјална заштита на Општина Делчево;
   **Образлагач**: По точките 2, 3 и 4-Сузана Петровска-Советник за вработување и информативен систем за човечки ресурси.
5. Буџетски календар;
6. Предлог- Буџет на Општина Делчево за 2022 година;
7. Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2022 година;
8. Предлог-Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2022 година;
   **Образлагач**: -По точките 5, 6,7 и 8- Анка Христова Раководител на буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци;
9. Програмата за управување со отпад во Општина Делчево за 2022;
10. Предлог-Програма за јавна чистота на општина Делчево за 2022 година;
    **Образлагач**:По точките 9 и 10- Татјана Стојковска- Виш соработник за заштита на животната средина и комунална инфраструктура.
11. Предлог-Решение за именување член-претставник на Министерството за труд и социјална политика во Управниот одбор на Општинската јавна установа Детска

градинка „Весели Цветови“-Делчево;

**Образлагач**: Вачо Новоселски-Советник за образование, социјална заштита и заштита на децата.

12. Предлог-Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2022 година;

    **Образлагач:** Горан Петровски-Советник за урбанизам и енергетска ефикасност.

13. Предлог-Одлука за приоритетен проект „Набавка на контејнери за цврст отпад“ во општина Делчево во рамки на грантот од Проектот за подобрување на општинските услуги финансирани со заем од Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка), Компонента В: Грантови за успешност;

    **Образлагач:** Тони Стоименовски-Советник за Локален економски развој.

14. Прашања и предлози на членови на Совет.

Претседателот отвори расправа по предложениот дневен ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а дневниот ред беше ставен на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево го усвои дневниот ред за Третата седница.

Претседателот отвори расправа по Записникот од Втората седница.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а Записникот ставен на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево го усвои Записникот од Втората седница.

**Прва точка- Предлог-Одлука за формирање на Комисија за изработка на Програма за работа на Совет за 2022 година;**

Образлагач по оваа точка беше Гоце Попов-Претседател на Советот на Општина Делчево кој рече дека дека оваа Комисија се формира согласно член 132 од Деловникот и истата има за задача да изготви Програма за работа на Советот за 2022 година. За претседател и членови се предлагаат:

1. Гоце Попов ,Претседател
2. Кирил Тренчевски, член
3. Сунчица Ѓорѓиева , член
4. Зекир Абдулов , член
5. Стефанија Атанасова Јовановски , член
6. Оливера Ташевска, член
7. Марјанчо Велиновски, член

Беше отворена расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за формирање на Комисија за изработка на Програма за работа на Совет за 2022 година.

**Втора точка-Извештај за рализација на Програмата за социјална заштита на Општина Делчево за 2021 година со Заклучок за усвојување;**

Оваа точка ја образложи Сузана Петровска која рече дека секоја сериозна институција на крајот на годината поднесува извештаи за реализација на разни програми. Конкретно овој Извештај се однесува на реализација на Програмата за социјална заштита

за 2021 година. Остварувањето на социјалната заштита во Општина Делчево се заснова пред се на Законот за социјалната заштита; Законот за заштита на децата; Законот за семејство; Националната програма за развој на социјална заштита во РСМ; Програмата за развој на заштитата на децата во РСМ и други закони и подзаконски акти кои се однесуваат на социјалната, детската и здравствената заштита во Република Македонија, како и надлежностите дадени на општините со Законот за локалната самоуправа и Статутот на Општината Делчево, каде се уредени правата на граѓаните од областа на социјалната, детската и здравствената заштита.Програмата поблиску ги уредува подрачјата на социјална заштита, специфичните потреби на населението на Општина Делчево и начинот на остварувањето на правото на социјалната заштита. После првата глава, т.е. законскиот основ, следуваат општи податоци за општина Делчево. Третата глава се однесува на главните идентификувани проблеми на краток, среден рок и на долг рок.Извештајот за реализација на Програмата за социјална заштита на Општина Делчево за 2021 година претставува и еден вид родово буџетска анализа на Програмата за социјална заштита на Општина Делчево за 2021 година со акцент на маргинилизирани заедници и со цел давање на препораки за унапредување на програмите. Глава 4 се однесува на институционалниот контекст и рамки на јавните политики, а глава 6 на областите на делување во мината година. Како посебни области на делување се:
1-Мапирање на социјалните проблеми на ранливите групи и нивните потреби и тоа : мапирање на проблемите и состојбата на старите лица и пензионерите, состојба на лицата со пореченост/лица со посебни потреби, состојбата со невработените лица, состојба на лицата корисници на права од социјална заштита според евиденцијата во ЈУМЦСР, состојба со број на вработени лица во Општина Делчево;
2-Опис на постоечките социјални услуги во Општина Делчево;
3-Зајакнување на вонинстуционалната заштита преку развивање на постојаните и обезбедување на нови видови социјални услуги согласно со потребите на граѓаните, како и унапредување на начините за обезбедување и нивно достигнување;
4-Анализа на најприсутните социјални ризици во Општина Делчево со посебен осврт на: старост, попреченост, сиромаштија и деца во судир со законот;
5-. Социјална заштита на социјално загрозени семејства и поддршка на НВО;
6- Парична помош и стимулативни мерки за деца, ученици и студенти.
7-Вклучување на невработените лица во Општинско корисна работа(ОКР) и јавни работи;
8-Мерки за справување на Општина Делчево со COVID-19

Социјалната политика е еден од клучните сегменти преку кој се покажува сензитивноста на државата и локалната заедница кон специфичните потреби на граѓаните. Низ неа се исполнуваат елементарните потреби, но воедно се создава и амбиент за излез, односно надминување на постојната состојба во која се наоѓа граѓанинот.

Поврзувањето на прашањето на родова еднаквост и вклученоста на родовите перспективи во главните текови на животот во локалните заедници претставува многу важен сегмент во остварувањето на социјалните права и различните потреби на жените и мажите.Како корисници на социјалната заштита во општина Делчево се :
-стари и изнемоштени лица кои од било кои причини живеат сами,
- лица со попреченост,
- невработени лица кои тешко наоѓаат работа ( ОКР и јавни работи),
- лица и семејства кои се нашле во состојба на материјална загрозеност,
-тешко болни лица и приматели на терапија кои не се во можност финансиски да ги

покријат трошоците за лекување,
- поединец или семејство кое се нашло во положба на природна непогода (земјотрес, поплава пожар);
-лица корисници на минимална социјална помош;
-еднократна парична помош за новороденчиња,
-стимулативни мерки (стипендии) за ученици и студенти од материјално загрозени семејства и ученици и студенти кои покажале посебен успех во учењето,
- наградно патување за 10 најдобрите ученици од СОУ „М.М.Брицо„ ,
- парична награда за најдобар ученик/чка ром/ка,
- парична награда за ученици кои постигнале значајни резултати на државни и меѓународни натпревари,
- паричен подарок за секое прваче во учебната 2021/2022,
- средства за превентивни мерки за справување со COVID – 19.

Во врска со негата и грижата за стари лица, С. Петровска истакна дека врз основа на повеќе истражувања и анализи спроведени од Општина Делчево а со помош на НВО и здравствените установи на подрачјето на нашата општина, се констатира следната состојба:

- Најголем дел од старите лица имаат пензија (лична, семејна, земјоделска), која им овозможува услови за скромен живот,
- Поголем дел живеат сами (вдовец/вдовица),
- Речиси сите имаат здравствени проблеми ( 90/% ревматски заболувања, 85% кардиоваскуларни заболувања, 38% дијабет и други заболувања),
- Одржувањето на личната хигиена и хигиената во домот , набавката и подготовката на храна им претставува течкотија,
- За посета на лекар и набавка на лекарства во најголем дел се зависни од друг,

Скоро кај сите преовладува чувството на осаменост, непотребност, отфрленост и страв од заболувања.

Во врска со социјална заштита на лица со попреченост, преку услуги во заедницата-дневен центар за лица со посебни потреби, таа рече дека во 2021 година Општина Делчево во партнерска соработка со ЗГ „Бравура кооператива„ и ЈУ МЦСР Делчево, отпочна со реализациа на проектот за услуги во заедницата насловен како Клуб за социјална инклузија „Интегра“ . Проектот Клуб за социјална инклузија „Интегра“ е програма за вклучување на 12 лица со посебни потреби од Општина Делчево, во организирана форма на услуга за рехабилитација, професионална ориентација и социјализација , во рамките на Дневен центар за лица со посебни потреби Делчево. Причините за потребата од проектот Клуб за социјална инклузија „Интегра“ е отсуството на институционални и други алтернативни форми на услуги за возрасни лица со посебни потреби во Општина Делчево. Проектот е базиран на приоритетите од Акцискиот план за социјална заштита на Општина Делчево во делот за маргинализирани групи. За овој проект ангажирани се вкупно 5 невработени лица( 2 дефектолози- жени, 1 психолог-жена, 1 негователка на лица со посебни потреби -жена и 1 работен терапевт- маж). Крајните корисници од овој проект се 12 лица со посебни потреби од кои 7 се мажи и 5 жени. Преку Општинско корисна работа во Дневниот центар е ангажирано и 1 лице со посебни потреби , кое ќе има работен ангажман од 9 месеци.

Што се однесува до паричната помош на одредени категории и лица таа истакна дека Општината има потрошено вкупно 448000 денари и тоа за материјална загрозеност37.500, за болничко лекување 290.500, 120.000 за смртен случај.

Во врска со Општинско корисната работа за невработени лица таа истакна дека во 2021 година виле ангажирани 14 лица од кои 8 жени и 6 мажи, а во јавни работи 30 лица од кои 23 мажи и 7 жени. Во детската градинка во народната кујна биле ангажирани 6 лица, сите 6 жени. За овие активности се потрошени 4.320.000. Општина Делчево во континуитете помага на ученици и студенти, како и детска заштита. За таа цел се потрошени 1.213.000. Во табелите може да се види секоја активност колку чинела, како и родовата распределба, колку од нив се мажи, колку жени.

Што се однесува до трансферите до НВО здржениja и спортски клубови таа истакна дека вкупно се потрошени 950.000, 280 до НВо здруженија и 670.000 до спортски клубови.

Доколку има прашања, повелете истакна на крајот С.Петровска.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Сашко Ивановски кој праша до каде е постапката за обесштетувањето на луѓето кои претрпеа голема материјална штете од пожарот бидејќи во самиот извештај во табелата стои дека воопшто не се исплатени никакви средства за таа намена и по кој основ има одбиени барања за еднократна парична помош?

Сузана Петровска истакна дека сите податоци во Програма се дадени од надлежни институции и одделенија од Општина Делчево. Во врска со прашањето ан С.Ивановски таа рече дека знае дека во Општината се поднесувале барања од граѓани, но до каде е постапката не ѝ е познато.

Што се однесува до прашањето за одбиените барања за парична помош, таа истакна дека се однесуваат на лица кои аплицирале за ЕПП по вторпат, а согласно Правилникот секој има право на ЕПП еднаш годишно или ако е за болничко лекување немало потребна документација.

Градоначалникот истакна дека кога има елементарна непогода, во случајов пожар, штетата не ја исплаќа Општината туку државата. Ние како општина ги примавме барањата и документацијата што ја поднесуваа оштетените граѓани, но обврската за обесшетувањето е на државата. Вие сите знаете дека има проценители кои одат на лице место и ја констатираат штетата. Владата на РСМ треба да ја исплати штетата на луѓето бидејќи самите општини финансиски не се моќни за исплата на толкава сума на средства.

Сашко Ивановски рече дека средствата предвидени за НВО и спортските одлуки според одлуките донесени од Советот се 1.000.000 денари, а во извештајот се 950.000 денари и праша дали тоа е така поради тоа што не се исплатени сите средства?

С.Петровска истакна дека според податоците од Одделението за финансии, до денот на изготвувањето на Извештајот, сумата е таа 950.000. Голем дел од делот на активностите на невладините организации заради пандемијата со КОВИД не биле реализирани.

Горан Трајковски рече дека средствата на невладини организации и спортските клубови не се исплатени во целост од причини што дел од нив не ги реализирале сите активности, дел бидејќи не доставиле извештај за реализација бидејќи согласно Правилникот средствата се испаќаат по доставен извештај. Во меѓувреме се доставени уште 2 извештаи од невладини организации. Во врска со спортските здруженија и спортските клубови, најголем дел од средства се за ФК „Брегалница“ која не се натпреварувала во есенскиот дел од натпреварите, истакна градоначалникот.

Сашко Ивановски праша зошто во Табелата за податоци од Центарот за социјални работи Делчево нема родова распределба?

Сузана Петровска рече дека точно е тоа, но такви се податоците што се доставени

од самиот центар и таа ги вметнала во Програмата. Во Програмата има и други такви податоци кои се венесени како такви во програмата,  зошто и како, не би коментирала бидејќи такви се доставени од институциите, истакна таа.

Оливера Ташевска праша зошто во Табелата 4 каде се стимулативните мерки за ученици и студенти нема ниту еден за категоријата стипендии за студенти од социјално загрозени семејства?

С.Петровска рече дека затоа што нема интерес од самите студенти кои заради поголемиот износ аплицираат за стипендиите што ги доделува државата и заради тоа што кај нас како услов е дека не треба да биде корисник на друга стипендија.

Иван Гоцевски постави прашање дали општината има ингеренции да влијае врз проценката на штетите од пожарите бидејќи има многу опожарени земјоделски површини, овоштарници, а проценка се уште не е направена?

Градоначалникот рече дека општината нема ингеренции да влијае врз проценките, нив ги прават стручни лица-проценители со лиценци, но Нјпрво с еправи проценка на опожарени домови, добиток, пчелни семејства, земјоделски насади, овоштарници и на крај на шумата.

Сања Николовска упати пофални зборови за изготвениот извештај и рече дека изготвувачот се потрудил квалитетно да го изготви. Извештајот ги содржи сите ваѓни елементи на еден извештај, истиот е јасен, концизен. Таа рече дека не е задоволна од износот на средства предвиден за социјала заштита и имаше забелешки во врска со Правилникот за доделување на еднократна парична помош. Конкретно мал е износот од 1000 до 2000 денари за материјална загрозеност и за болничко лекување од 4000 до 10.000 илјади. Лично сметам дека тие износи треба да бидат повисоки. Исто така, таа рече дека има забелешки и за членот 16 став 2 во врска со некомплетната документација:“За некомплетните и ненавремено поднесени барања, Комисијата дава предлог до градоначалникот да донесе решение со кое ќе го отфрли барањето за доделување на еднократна парична помош“. Таа рече дека дека според Законот за општа управна постапка мора да има рок во кој странката треба да ја достави потребната документација и Комисијата повторно да го разгледа барањето со документацијата, а не веднаш да се одбива со решение.

Дејан Георгиевски рече дека Општината не  е таа што треба на странките да им ги пополнува барањата, тоа не еработа на Општината. Секоја странка треба да си го пополни барањето и да достави соодветна документација во врска со самото барање.

С. Петровска рече дека забелешката на Сања во врска со Правилникот е во ред, потребно е да ревидираат правилниците. Во Програмата е внесено тоа, има препорака дека треба да се ревидира Правилникот.

Иван Гоцевски праша дали е предвидено зголемување на износот за субвенционирање на првачиња (од 3000 на 3.500 денари), дали Општината има разработено таков план?

С. Петровска рече дека за 2022 година се предвидува ист износ, но има предвидено помош за првачињата во смисла набавка на пакети со училишен прибор.

Иван Гоцевски рече дека оваа година во стручните паралелки во СОУ „М.М.Брицо“ се запишани само 76 ученици и ја поздрави иницијативата на неколку општествено офговорни фирми и стопанственици во Делчево за стипендирање на ученици во прва година во стручните паралелки. Тој праша дали Општина Делчево има предвидено стипендирање на ученици во прва година во стрчните паралелки и дали во програмата се предвидува субвенција за бесплатно згрижување на деца на самохрани родители во

градинката?

С. Петровска рече дека бројката на запишани ученици во прва година во стручните паралелки во гимназијата (76) е мала, но сепак зголемена во однос на претходни години. Во врска со бесплатното згрижување на деца на самохрани родители во детската градинка, таа рече дека само самохран родител може да ја користи таа мерка, тој податок го има Центарот за социјални работи, но според дефиницијата „самохран родител" е родител кој сам ги врши родителските права и должности за детето, поради тоа што другиот родител е непознат, починат, исчезнат или од оправдани причини привремено или трајно не ги извршува родителските права и должности. Сакам да кажам дека многу родители споре дефиницијата во законот, не се самохрани родители, рече С.Петровска.

Процедурално за збор се јави Кирил Тренчевски кој рече дека сите овие предлози бараат финансиски средства и можело да се доставaт како предлози на самата Комисија за буџет. Зошто не ги доставивте, вака сега се само празни дискусии и малце се оддалечуваме од дневниот ред, рече тој.

Претседателот на Советот ги замоли членовите на Советот да дискутираат по дневниот ред, а самите предлози да бидат поконцизни, поконкретни и во врска со точките на дневен ред. Лесно е да се предлагаат поголеми износи и тоа е добро, но мора да знаеме дека Буџетот е веќе креиран и ограничен.

Зекир Абдулов го пофали извештајот, но имаше забелешка од аспект на тоа што во некои делови, со самата употреба на одредени термини и зборови, Извештајот повеќе наликува на Програма. Во врска со средствата предвидени за НВО-и тој истакна дека се малку и имаше забелешка дека било кажано оти дел од тие средства не биле реализирани бидејќи некои невладини не реализирале дел од своите активности, пред се заради пандемијата. Тој рече дека напротив невладините организации секогаш се најактивни и се приситни на терен кога има некакви кризи. Во иднина да се предвидат повеќе средства за граѓанскиот сектор. Секако дека околу начинот, условите, постапката за доделување има простор за дебата.

С. Петровска рече дека вкупниот Буџет за реализација на Програмата за 2021 е 7.227.000 што е 6,59% од вкупниот основен буџет и тоа е задоволителен процент. Можеби се малку, но тоа е, толку е Буџетот.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Извештај за рализација на Програмата за социјална заштита на Општина Делчево за 2021 година.

**Трета точка-Предлог-Програма за родова рамноправност на мажите и жените на Општина Делчево и работа на Комисијата за еднакви можности за 2022 година;**

Точката ја образложи С.Петровска која на почетокот го кажа законскиот основ за донесување на оваа Програма а потоа и приоритетните областите на делување и тоа:

-Подобрување на информираноста за човековите права, механизмите за заштита, родовата рамноправност и недискриминација

-Зајакнување на свеста на жените за континуирана грижа и заштита на сопственото здравје;

- Промовирање на родовиот концепт и еднаквите можности на жените и мажите во општеството и семејството, потребата од рамноправно учество на жените и мажите во одлучувачките процеси, политичкиот и јавниот живот во локалната заедница
- Влијанието на климатски промени врз квалитетот на животот на жените и мажите

- Зголемување на довербата кај граѓаните во надлежните институции во однос на родово базирано насилство
- Интегрирање на родовите прашања во политиките и финансиските инструменти, родово одговорно буџетирање согласно методологијата и согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите.

Во продолжение беа потенцирани и активностите кои ќе се реализираат*:*
- организирање средби со локалните административни единици (месни и урбани заедници) во Делчево,заради создавање на услови за учество на жените и маргинализираните групи во процеси за креирање и имплементирање на локални јавни политики,
- организирање на трибини/настани со цел намалување на социјалната исклученост на жените од јавниот и политичкиот живот со учество на етаблирани жени во јавниот и политичкиот живот
-Одржување на средби со сите претставници на женските форуми од политичките партии со цел поттикнување на учество и зголемување на вклученоста на жените во политичките партии и раководни функции во политичките партии.

Таа рече дека овој состав на Советот за првпат е запазен рамноправен сооднос во Советот 8 мажи наспроти 7 жени што секако дека е за пофалба. На крајот се дадени активностите и финансиските средства за раеализација на Програмата.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина ја донесе Програмата за родова рамноправност на мажите и жените на Општина Делчево и работа на Комисијата за еднакви можности за 2022 година.

Четврта точка-Предлог-Одлука за измена на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за формирање Совет за социјална заштита на Општина Делчево;

Образлагач и по оваа точка беше Сузана Петровска-Советник за вработување и информативен систем за човечки ресурси која рече дека поради тоа што се јавила потреба од промена на двајца членови во Советот, по барање на соодветните институции е предложена оваа точка. Имено, во член 2, став 1 алинеја 4-се разрешува Др Даниела Цветковска, претставник од ЈЗУ Здравствен дом „Гоце Делчев„ Делчево и на нејзино место се именува Д-р Христина Смиљкова Митевски.

Во член 2, став 1 алинеја 6-се разрешува Билјана Прачкоска претставник од АВРМ Центар за вработување Делчево Делчево и на наејзино место се именува Сања Костадиновска.

Претседателот отвори расправа по точката.

Процедурално за збор се јави Сашко Ивановски кој рече во иднина предлозите да не бидат напишани, а Советот само да гласа туку на седницата да бидат дадени.

Сузана Петровска рече дека во самиот закон е прецизирано од кои институции треба да бидат членовите на овој Совет. Што се однесува до овие предлози истите се од Здравствениот дом и Центарот за вработување. Советот не ги предлага, предлозите доаѓаат од самите инситуции, рече таа.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 6 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево ја донесе **Одлуката за измена на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за формирање Совет за**

социјална заштита на Општина Делчево.

Петта точка-Буџетски календар;

Оваа точка ја образложи Анка Христова која истакна дека со Буџетскиот календар се утврдуваат роковите за изготвување на Буџетот. Во самиот календар ги имате дадено активностите по месеци, доколку има прашања, повелете, рече таа.

Претседателот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево го донесе Буџетскиот календар.

Шеста точка-Предлог- Буџет на Општина Делчево за 2022 година;

Образложение по оваа точка поднесе Анка Христова која рече дека согласно член 2 точка 8 од Законот за буџети, буџетот на општината претставува годишен план на вкупните приходи и други приливи и одобрени средства и се состои од основен буџет, буџет на дотации, буџет на донации, буџет на самофинансирачки активности и буџет на заеми и кредити. Планирани извори на приходи во буџетот за 2022 година од кои ќе се финансираат расходите на општина Делчево се:

Даночни приходи

Неданочни приходи

Капитални приходи

Трансфери и донации

| | |
|---|---|
| Даночни приходи | 44.053.000 |
| Неданочни приходи | 10.308.000 |
| Капитални приходи | 5.550.000 |
| Приходи од дотации | 165.158.800 |
| Приходи од трансфери | 45.044.000 |
| Приходи од самофинансирачки активности | 5.000.000 |
| Приходи од донации | 5.274.578 |
| Кредити | 5.700.000 |
| **Вкупно** | **286.088.378** |

1. Даночни приходи:

Даночните приходи кои се планирани во износ од **44.053.000** денари се:

| | |
|---|---|
| Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 3.000.000 |
| Даноци од имот | 20.010.000 |
| Даноци од специфични услуги | 19.613.000 |
| Такси за користење или дозволи за вршење на дејност | 1.430.000 |
| **Вкупно** | **44.053.000** |

Кај структурата на даночните приходи може да се забележи дека со најголемо учество се планирани приходите од даноците од имот со околу 45 %, ( во нив влегуваат, данок на имот од физички лица, данок на имот од правни лица, данокот на промет на недвижности и данок на наследство и подарок).

Со помал процент 44%, учествуваат даноци од специфични услуги, ( во нив влегуваат

комунална такса за истакната фирма, комунална такса за користење на улици со патнички, товарни моторни возила, надомест за уредување на градежно земјиште, комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување, надомест за одржување на јавна чистота и др.).

2.Неданочни приходи

Структурата на неданочните приходи за 2022 година е дадена во Табелата што следува

| | |
|---|---|
| Такси и надоместоци | 8.188.000 |
| Административни такси и надоместоци кои се плаќаат за списите и дејствијата кај органите на општината | 620.000 |
| Други неданочни приходи | 1.500.000 |
| **Вкупно:** | **10.308.000** |

Најголемо учество во неданочните приходи имаат такси и надоместоци од такси 79% (овде влегуваат такси за целодневна и претшколска грижа, и други помошни активности во образованието).

Учеството на трансферите од други нивоа на власт и донациите во вкупниот буџет на Општината за 2022 година се застапени во износ од 55.318.578 денари или 19,3%.

Средствата за блок дотации кои служат за остварување на надлежностите во образованието, детската заштита и културата, се утврдени од надлежните министерства согласно законската регулатива и се планирани во износ од 165.158.800 денари или 57,7%.

Капиталните приходи се планирани во вкупен износ од 5.550.000 денари и тоа: од продажба на неизградено градежно земјиште во сопственост на државата во износ од 400.000 денари, приходи од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата во износ од 1.500.000 ден., надомест за концесии за експлоатација на минерални суровини во износ од 650.000 денари, надомест за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти во износ од 3.000.000 денари.

Вкупните расходи на буџетот на општината за 2022 година изнесуваат 286.088.378 денари. Буџетскиот дефицит е планиран на износ од 11.118.778 денари. Повисоките расходи се финансирани од други приливи односно депозити.

Структурата на расходите во буџетот на општината се состои од
тековно оперативни и капитални расходи.

Во врска со Тековно оперативните расходи таа истакна дека согласно законската регулатива општинскиот буџет се следи преку различните видови на расходи, односно тековно оперативните и капиталните расходи.

Платите се неопходни за функционирање на општината и се планира да опфатат околу 61% од вкупно планираните расходи во вкупниот буџет, додека во основниот буџет опфаќаат 28% од планираните расходи во основниот буџет.

Средствата од тековната резерва се користат кога за одредени итни потреби на општината или буџетските корисници не се обезбедени средства или не се обезбедени во доволен износ.Расходите се утврдени по одредени намени и видови согласно економската класификација на расходи.

| | | |
|---|---|---|
| 40 | Плати и надоместоци | 178.782.300 |
| 41 | Резерви и недефинирани расходи | 50.000 |

| | | |
|---|---|---|
| 42 | Стоки и услуги | 46.710.798 |
| 45 | Каматни плаќања | 112.000 |
| 46 | Субвенции и трансфери | 5.771.280 |
| 47 | Социјални бенефиции | 950.000 |
| 48 | Капитални расходи | 51.594.000 |
| 49 | Отплата на главница | 2.118.000 |
| | **Vkupno:** | **286.088.378** |

Во делот на расходите, стоки и услуги опфаќаат 16%, каде што покрај обезбедувањето на редовното функционирање на општината се содржани и расходите за финансирање на комуналните услуги и дел од тековното одржување на основното и средното образование, библиотекарството и детската заштита.

Капиталните расходи во вкупниот буџет се планирани во износ од **51.594.000 ден**., додека во основниот буџет се планирани во износ од **40.424.000 ден**., и во најголем дел се однесуваат на изготвување на проекти за улици и патишта, надомест за одземен имот, изградба и реконструкција на улици и патишта и тоа како во урбаниот така и во руралниот дел на општината.

Во основниот буџет планирани се расходи во износ од **97.117.000 денари.**

**Тековно оперативните расходи се планирани во износ од 56.693.000 денари или 58% од планираниот основен буџет.**

| | | |
|---|---|---|
| 40 | Плати и надоместоци | 31.454.000 |
| 41 | Резерви и недефинирани расходи | 50.000 |
| 42 | Стоки и услуги | 19.285.000 |
| 45 | Каматни плаќања | 112.000 |
| 46 | Субвенции и трансфери | 2.724.000 |
| 47 | Социјални бенефиции | 950.000 |
| 49 | Отплата на главница | 2.118.000 |
| | **Vkupno:** | **56.693.000** |

Во основниот буџет капиталните расходи се планирани во износ **од 40.424.000 денари**, или **41,6%**, и во најголем дел се однесуваат на:

- Подготвување на проекти за улици и патишта **2.800.000**

(проектирање водовод од Лошана до Голак(1.600.000) проект за проширување на мостот на Габровчица, проектирање на разни пристапни патеки и улици)

- Изградба на улици и патишта **7.000.000**
- Реконструкција на улици и патишта **5.884.000**
- Изградба на капацитети за водоснабдување **2.300.000**
- Изградба на други објекти **13.500.000**
- надзор над изградбата **700.000**
- купување на камион **5.000.000**
- надомест за одземен имот **1.500.000**
- купување на опрема **240.000**

(Најголем износ од средствата за изградба на други објекти се однесува за изградба на градскиот пазар-10.500.000 ден., околу 1.000.000 денари за изградба на скејт- парк, мала фонтана околу 2.100.000 денари, како и други помали објекти).

Процедурално реагираше Сашко Ивановски кој рече дека не може да ја прати образлагачот во тоа што го образложува за буџетот бидејќи податоците што таа ги кажува не соодвествуваат во материјалите што тие ги имаат и побарам пауза за да им бидат доставени тие податоци што таа ги кажува во врска со Буџетот.

Анка Христова рече дека има уште малце од образложението и дека на советниците ќе им биде доставено тоа што го бараат. Инаку сите податоци што таа ги кажува ги има во Буџетот, тука таа ги кажува подетално бидејќи смета дека ќе ги интересира.

Во продолжение таа истакна дека Тековно оперативните и капиталните расходи се дадени во посебниот дел од Буџетот на општината распределени по соодветни програми и потпрограми.Овие расходи планирани во Буџетот на општината се во функција на подобрување на јавните услуги и подобрување на инфраструктурата во Општината.

Сето ова погоре наведено укажува дека Буџетот на Општина Делчево има развојна компонента, што се гледа и од учеството на капиталните расходи во вкупните расходи на основниот буџет.

Претседателот даде пауза од 10 минути .

По паузата претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Градоначалникот на Општина Делчево кој рече дека Буџетот на Општина Делчево за 2022 година е во висина од 286.088.378 денари и Основен буџет од 97.117.000 ден. Капиталните расходи во вкупниот Буџет се планирани во износ од 51.594.000 денари, додека во Основниот буџет капиталните расходи се планирани во износ од 40.424.000 денари, или 41,6%.

За 2022 г. се планирани 40 милиони денари за капитални расходи од Основниот Буџет, но потпишани се договори за реализација на капитални проекти во висина од 160 милиони денари кои не влегуваат во Буџетот се од др. нивоа на власт за 2022 г., како и дореализација на Проектот за поврзување локални патишта во РСМ кој Министерството за транспорт и врски го реализира со финансиска поддршка на Светска банка од каде Делчево доби околу 800.000 евра средства.

Буџетот за 2022 година е развоен, бидејќи најголем дел од проектираните средства се расходи наменети за капитални проекти, неопходни инвестиции во инфраструктурата како услов за раст и развој на општината Буџетот за 2022 година е одговор на предизвиците што претстојат, но е и во насока на реализација на приоритетите за следната година. Развојната компонента ни дава очекување за економски раст во општината во 2022 година, бидејќи капиталните проекти очекувано се зголемуваат и по број и по квалитет. Клучни капитални проекти на кој ќе посветиме големо внимание е изградбата на градскиот пазар, но и максимална посветеност во сите сегменти за реализација на втората фаза-инфраструктурен дел од проектот на филтер-станицата за чиста вода за пиење, како најважни сегменти за подобрување и зголемување на квалитетот на животот на граѓаните на Општина Делчево.

Меѓу другите ставки и планирани обврски на Општина Делчево по програми, предвидени се средства за социјални трансфери : еднократна парична помош во износ од 650.000 денари; помош за новороденчиња 300.000 денари; исплата за првачиња 320.000; трансфери до здруженија на граѓани 400.000 денари; трансфери до спортски клубови и здруженија 600.000 денари.

„Продолжуваме да работиме во интерес на граѓаните, да реализираме проекти кои ќе значат решавање стари проблеми, но и инвестиции со кои ќе го направиме Делчево да биде убаво место за живеење. Посветено со силно темпо и ќе работиме да се реализираа

сето она што го планиравме во Буџетот за 2022 година“, истакна Градоначалникот.

Претседателот на Советот, Гоце Попов, отвори расправа по точката и за збор се јави Сашко Ивановски кој рече дека на Комисијата за финансирање и буџет, тој како советник побарал да му бидат доставени некои податоци за поодделни ставки. Бидејќи истите податоци не им биле доставени, тие како советничка група поднеле иницијатива, доставени се околу 50 амандмани од кои поголем дел се од предизборната програма на нивниот кандидат за градоначалник, кои треба да се разгледаат внимателно и дел од нив да бидат вклучени во програмите на Општина Делчево за 2022 година.

Претседателот на Советот се јави за збор и рече дека во врска со поднесените предлози/ амандмани или иницијативи, истите не се доставени навреме и не се во согласност со член 163 од Деловникот во кој сто дека амандманот, по правило, може да се поднесе најдоцна 3 дена пред денот определен за одржување на седницата на Советот на која ќе се претресува предлогот на одлука, а се поднесува преку претседателот на Советот. Во случајов не е испочитувана процедурата, постапката, т.е. прескокнат е претседателот на Советот. Исто така не е испочитуван ниту член 165 од Деловникот кој се однесува на постапката во случај амандманот на одлуката да содржи одредби со кои се ангажираат финансиски средства Во тој случај претседателот на Советот, амандманот веднаш го доставува и на комисијата во чиј делокруг спаѓаат прашањата на буџетот, за да го проучи влијанието на амандманот врз средствата со кои се располага и можните извори за финансирање на предложените решенија и за тоа да го извести Советот. Ова според мене е несериозно, самите предлози се „голи“ и празни, без финансиска конструкција. Дел од нив се тековни, се имплементираат, дел се планирани, ова е површинско гледање на работите. Некои немаат печат, некои немаат наслов, само потпис... Па како општинската администрација може за еден ден сериозно да разгледа 50 предлози кои се нецелосни и да одговори по истите и да изнајде средства за нив, според член 62 од Законот за локална самоуправа, праша претседателот.

Сашко Ивановски реагираше на тоа дека се несериозни и дека многу доцна ги доставиле предлозите. Тој рече дека на Комисијата за буџет и финансирање побарале дополнителни податоци, не им биле доставени и дека К.Тренчевски претседател на Комисијата во петок им рекол дека нема да им бидат доставени податоци и затоа во понеделник тие ги доставиле предлозите.

Реплика имаше Кирил Тренчевски кој рече дека Комисијата одржала седница на 20.12.2021 и дека С.Ивановски побарал кои улици ќе бидат приоритет во 2022 година. Комисијата едногласно го усвои Буџетот што е нотирано и во Записникот од седницата на Комисијата. Образлагачот А.Христова ви даде детално образложение, а исто така и градоначалникот, рече К.Тренчевски.

Градоначалникот на Општината рече дека Буџетот на Општината е едногласно усвоен од страна на Комисијата без никакви забелешки. Сега на самата седница 50 амандмани, не може така, не оти јас мислам дека е така туку така кажува Деловникот, рече тој.

Сашко Ивановски рече дека тоа не се амандмани туку иницијатива која може да се поднесе и на самата седница. Нашите предлози се конструктивни, но гледам дека од другата страна нема конструктивност и затоа ќе ја прекинеме дискусијата рече С.Ивановски.

Претседателот на Советот рече дека тој како претседател во својата работа се води исклучиво според Статутот и Деловникот. Ајде да се вратиме на Буџетскиот календар што го изгласавме пред малку. Што кажува тој? Тој кажува дека цела година се планира и

проектира Буџетот за наредната година. Почнувајќи од јануари, не може 11 месеци сте затаиле, не сте поднеле ништо, ниту еден предлог, а сега пред самата седница 50. Тука е мојата забелешка. Инаку Буџетот е веќе креиран, денес тој се критикува или фали, зависи која како го гледа, денес не се креира Буџет, рече претседателот на Советот.

Сашко Ивановски рече дека Буџетот е „пластична" маса, жива материја која може да се моделира и на самата седница.

Претседателот на Советот рече: „Еве јавно ве прашувам, дали некој од вас воопшто знае колку средства би биле потребни за тие предлози, колкав буџет? Можно е да биде потребен и поголем буџет од нашиот, настрана што се доставени еден ден пред седница. Ваквите изјави се несериозни, убаво кажува Деловникот која е постапката и сите треба да го знаеме и почитуваме во нашата работа.

Градоначалникот рече дека Буџетот на Општина Делчево е креиран според потребите и предлозите на урбаните и месните заедници и ние како општина сме должни нив да ги реализираме. Што се однесува до средствата во Буџетот, сакам да ви кажам дека за да се реализираат тие, буџетските средства не се доволни. Мора да се бараат и други средства. Наши општински пари се 89 милиони и тоа е, од 2018 година законски е лимитирано проектирањето на буџетот. Не е лесно да се креира буџет во кој треба да се вклопи се и инфраструктура и комуналии, и социјална заштита, образование и култура, рече тој.

Сања Николовска го праша градоначалникот дали се прифатени нејзините предлози за социјалната заштита (Не е предвиден задоволувачки износ на средства за подобрување на положбата на социјално ранливите категории и намалување на сиромаштијата) и зошто не се предвидени средства за развој на туризмот.

Градоначалникот рече дека С.Петровска кажала што се е предвидено за социјалната заштита во 2022 година. Во врска со средства за развој на туризмот, тој рече дека се предвидени за водоснабдување на Голак. Голак како препознатлива туристичка дестинација не може да биде тоа ако нема вода. До Голак има убав асфалтиран пат, има локации за изградба на викенд куќи, има струја, но нема вода. Затоа ние планираме да започнеме проект за водоснабдување на Голак, Голак мора да има вода која ќе се користи и за правење на снег во зима. Отварањето на Локалниот музеј и започнувањето со работа е исто така за развој на туризмот. Значи дека има предвидено средства и затуризмот, рече градоначалникот.

Дејан Георгиевски истакна дека врз основа на образложението на А.Христова и градоначалникот за приоритетните проекти во 2022 година, како и големиот процент на капитални расходи 41,6% и неговата развојна компонента, ќе го поддржи Буџетот на Општина Делчево за 2022 година.

Претседателот на Советот истакна дека Буџетот на Општина Делчево за 2022 година е продукт на залагањето, ветувањето и целите што ги ветиле пред изборите дека секој денар треба да биде вложен онаму каде што треба, во повисоки цели, во иновации и дигитализација кои се клучен фактор за прогрес и развој на една општина. Иновациите и дигитализацијата се она што го бара иднината. Кратење на непродуктивните трошоци и вложување повеќе пари во урбанистички планови, во инфраструктурни објекти и во стопанството, тоа е прогресот, тоа е развојот, истакна претседателот на Советот.

Бидејќи никој друг веќе не се јавуваше за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА" и 6 „ВОЗДРЖАНИ„, Советот на Општина Делчево го донесе Буџетот на Општина Делчево за 2022 година.

Седма точка-Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2022 година;

И оваа точка ја образложи А.Христова која истакна дека станува збор за една стандардна одлука која се донесува по донесувањето на секој буџет и со неа поблиску се уредува начинот на извршување на Буџетот. Истата е составена од 22 члена. Доколку имате прашања, повелете, рече таа.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 6 „ВОЗДРЖАНИ„ Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2022 година.

Осма точка-Предлог-Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2022 година;

Образлагач и по оваа точка беше Анка Христова Раководител на буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци која рече дека согласно член 88 од Законот за административни службеници, Советот на општината со одлука ја утврдува вредноста на бодот за платите на државните службеници на предлог на градоначалникот, а во рамки на предвидениот буџет и врз основа на вкупниот број на административни службеници распоредени по соодветни нивоа за тековната година.Вредноста на бодот за пресметување на платата на државните службеници во општините, градот Скопје и општините во градот Скопје се утврдува секоја година со Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници која ја донесува Советот. Со оглед на наведеното, градоначалникот предлага Советот на општината да ја донесе предложената одлука.

Претседателот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 6 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2022 година.

Деветта точка-Програма за управување со отпад во Општина Делчево за 2022;

Образлагач беше Татјана Стојковска- Виш соработник за заштита на животната средина и комунална инфраструктура која Согласно член 19, став 1, точка 2 од Законот за управување со отпад (“Службен весник на РМ“ бр.68/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 9/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15) за спроведување на своите планови за управување со отпад, општините изготвуваат годишни програми. Законот пропишува дека овие програми треба да бидат во согласност со Планот за управување со отпадот, како и со Националната Програма за управување со отпадот која ги донесува органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и Националната Стратегија за управување со отпадот што ја донесува Владата на Републиката. Советот на Општина Делчево во 2019 година го има донесено

четиригодишниот план за управување со отпад на Општина Делчево ( 2019-2023 ) и истиот истата година има добиено согласност од Министерството за животна средина и просторно планирање. Програмата е изработена согласно барањата на Законот за управување со отпадот, во согласност со Стратегијата за управување со отпад (2008-2020), Националниот план за управување со отпад (2020-2030) и Планот за управување со отпад на Општина Делчево( 2019-2023). Стратегиска цел бр.1 на оваа Програма е подобрување на управување со општинската депонија бидејќи постојниот начин на депонирање на отпадот не ги задоволува елементарните стандарди за основно депонирање. Самата депонија исто така не ги задоволува основните стандарди за ваков вид на депонии. Поради тоа една од примарните акции за 2022година е создавање на основни услови за соодветно управување на депонијата, а тоа е преку регионален пристап во управувањето со отпад. Изработен е и во тек е потврдување на документот за регионално управување со отпад и после негово усвојување од страна на МОЕПП, општината е потребно да се приклучи кон спроведување на мерките и активностите на истата. Општина Делчево е дел од регионалниот систем за управување со отпадот Регионалниот пристап во решавање на управувањето со отпадот, според НПУО е единствен начин за создавање на одржлив систем за управување со отпадот. Дефинираните приоритети на државно ниво од аспект на заштита на животната средина се решавање на управувањето со комуналниот цврст отпад и решавање на проблемот со нетретирање на отпадните комунални води. Како прв чекор за реализацијата на оваа стратешка цел беше изработката на физибилити студија за регионално управување со отпад за Источниот плански регион. Во согласност со Националниот план за управување со отпад и неговите зацртани цели, во текот на 2014 година еден многу значаен документ- Регионалниот план за управување со отпад во Источен плански регион беше одобрен од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање , а потоа во 2015 година истиот беше усвоен од страна на советите на сите општини во Источниот плански регион и Општина Свети Николе која што е приклучена кон овој регион за прашањата на регионално управување со отпад.Според целите и насоките на Регионалниот план, во моментот се спроведуваат два многу значајни проекти, а уште неколку се планирани за натамошниот период. Сите овие проекти финансирани се од страна на Европската Унија, со грантови односно неповратни средства во висина од 85% од буџетите на проектите и 15% од буџетот на Републиката.

Во согласност со насоките од Регионалниот план за управување со отпад во Источен плански регион, се спроведуваат два проекти:

1. Подготовка на техничка спецификација за набавка на опрема за собирање и транспортирање на отпад во Источниот и Североисточниот регион и
2. Подготовка на техничка и тендерска документација за затворање на несоодветни депонии и диви депонии во Источниот и Североисточниот регион.

Затворањето на депониите ќе се изведува во 2 фази:

Прва фаза: Расчистување на дивите депонии (вкупно 102 диви депонии во двата региони) и затворање на помалите општински депонии и депониите кои претставуваат висок ризик кон животната средина и

Парцијално затворање на останатите депонии, кои би останале оперативни и би ги прифаќале и количините на отпад од општините чии што депонии би биле веднаш затворени.

Втора фаза: Комплетно затворање на постоечките депонии, откако ќе се отворат

регионалните центри за управување со отпад.

Стратегиска цел бр.2 е Процена на видот и количеството отпад што се создава на територијата на Општина ДелчевоПроценката на сегашната состојба опфаќа голем број видови отпад како комунален отпад, комерцијален отпад, индустриски неопасен отпад, инертен отпад (градежен шут), опасен отпад создаден од различни субјекти, како и одреден број специфични видови отпад како: преносливи батерии, медицински отпад, земјоделски отпад, отпадни гуми, отпадни масла, отпадна електронска и електрична опрема. Сепак, подетално се анализирани состојбите со видовите отпад кои се во директна надлежност на локалната самоуправа: комунален, комерцијален, друг вид (како на пр. Индустриски) неопасен отпад и инертен отпад-градежен шут. Анализирано е создавањето на овие отпади како и сите операции кои се застапени во постапувањето со нив: собирање, транспортирање, третман, преработката, со акцент на рециклирањето како и компостирањето и отстранување со депонирање.Како Стратегиска цел бр.3 се изворите на финансирање на мерките и активностите (инструментите) Финансирањето на различните мерки и активности (инструменти) предвидени со Програмата се реализира преку повеќе извори тоа:Буџет на Општина Делчево, Буџет на РСМ и Меѓународни финансиски институции (Светска банка, и сл.);

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, против и воздржание-нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за управување со отпад во Општина Делчево за 2022.

Десетта точка-Предлог-Програма за јавна чистота на општина Делчево за 2022 година;

Образлагач и по оваа точка беше Татјана Стојковска- Виш соработник за заштита на животната средина и комунална инфраструктура која рече дека под поимот одржување на јавна чистота се подразбира чистење (миење и метење) на јавните површини и отворените простори на јавните објекти како и чистење на мраз во зимски услови.

Со Програмата за одржување на јавната чистота се предвидуваат видот и обемот на работите што треба да се извршат, финансиските средства потребни за реализација како и временските рокови за извршување на работите и динамиката и начинот на извршување на работите.Согласно Одлуката за одржување на јавната чистота во Општина Делчево донесена од Советот на Општина Делчево број 07-701/1 од 14.11.2008 година, одржувањето на јавната чистота во Општина Делчево го врши Јавното комунално претпријатие,,Брегалница,, Делчево. Во продолжение на Програмата табеларно ви се дадени вид и обем на работите, динамика, како и финансиската конструкција. Пресметките се дадени во случај наплатата да биде 100%.Наплата на надоместокот за одржување на јавна чистота ќе ја врши ЈПКД,,Брегалница,,-Делчево преку доставување на фактурите за извршени комунални услуги.

Надоместокот за одржување на јавната чистота на фактурите ќе се прикажува одвоено.

Средствата собрани од надоместокот за одржување на јавната чистота се приход на буџетот на Општина Делчевона давателот на услугата ЈПКД,,Брегалница,,-Делчево ќе се врши врз основа на склучен договор по доставени фактури за извршени работи од страна на ЈПКД,,Брегалница,, Делчево.

Надзор над спроведувањето на оваа Програма врши Овластениот инспектор за

комунални работи и животна средина на Општина Делчево, истакна Т.Стојковска.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за јавна чистота на општина Делчево за 2022 година.

**Единаесетта точка-Предлог-Решение за именување член-претставник на Министерството за труд и социјална политика во Управниот одбор на Општинската јавна установа Детска градинка „Весели Цветови“-Делчево;**

Образлагач по оваа точка беше Вачо Новоселски-Советник за образование, социјална заштита и заштита на децата кој истакна дека согласно член 114 став 18 од Законот за заштита на децата, еден член во УО на ОЈУДГ „Весели Цветови“ трба да биде претставник на Министерството за социјални работи. Во случајот за член-претставник на Министерството за труд и социјална политика во Управниот одбор на Општинската јавна установа Детска градинка „Весели Цветови“-Делчево, се предлага **Катица Трајкова Тасева**.

Претседателот отвори претрес по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, истиот беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“, против нема, 5 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево го донесе Решението за

**Дванаесетта точка-Предлог-Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2022 година;**

Образлагач по оваа точка беше Горан Петровски-Советник за урбанизам и енергетска ефикасност кој рече дека оваа Програма се донесува секоја година врз основа на законот за урбанистичко планирање. Со последните измени на законот истата треба да се донесе на крајот на декември и затоа е предложена на оваа седница. Со неа се предвидуваат повеќе урбанистички планови и тоа:

- Генерален урбанистички план за град Делчево, го финансира државата, се наожа во фаза утврдување на намени;

- Детален урбанистички план- Лесна индустрија и сервиси на м.в. ,,Стар монопол,, Делчево- дел од блок 2,6 урбана единица 2. Станува збор за приватна инвестиција се однесува на просторот кај објектот на стариот монопол кај деловните простприи на Тони Павлов (Антика) и Ванчо Димитров (Делком).

- Детален урбанистички план за урбана единица 2, дел од блок 2,7 – ,, Централно градско подрачје, приватна инвестиција, тековен план, се однесува на просторот кај некогашниот градски пазар, кај објектот “Царевоселски“.

Одлука за Урбанистичкиот план со реден број 4 веќе донесовте на претходната седница, а се однесува на дел од слободните површини во Стар Расадник и треба да се избрише.

- Детален урбанистички план за Модул М-2 дел од населба Пролет 1 Делчево, урбана единица 1 блок 1,4 со граници, приватна инвестиција, фаза тековен.

Под број 5 е Урбанистички план вон населено место за придружни и услужни објекти на магистрален пат М5 Делчево – Македонска Каменица со граници, го зафаќа просторот кај некогашниот сервис на Слободан Стоименовски, исто така и тој е тековен.

Следува изработка на Детален урбанистички план – Сервисна зона (Исток) Урбана единица 3, дел од Блок 3.1. Приватна инвестиција е, се однесува на просторот кај Терминалот.

Урбанистички проект со план за парцелацијаГрадежна Парцела бр.2.05 и

Градежна Парцела бр.2.06 од ДУП урбан блок,,Пролет 1,,на Делчево КО Делчево,Општина Делчево е приватна инвестиција.

Исто така и Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план – за намена Е1,13 Површински соларни и фотоволтаични централи (за поставување на фотонапонски панели на земја) во опфат на ко Град – Општина Делчево к.п. бр. 4036/1 к.п. бр.4854, к.п. бр. 4855 , кп бр. 4856 и дел од к.п. бр. 4037/1 ко Град-Општина Делчево е приватна инвестиција, како и Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена: Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани за проектен опфат КО ОЧИПАЛА ,Општина Делчево (Градби за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија-фотоволтаични електрани со инсталирана моќност до 1,6 MW );

Приватна инвестиција е и Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на пречистителна станица за вода за пиење, со намена Е1.5-Инфраструктури на водоснабдувањето (станици за пречистување и дезинфекција), КО Трaботивиште, Општина Делчево и Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за КП 1292 КО ОЧИПАЛА ,Општина Делчево со намена: Е1.13-ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ (Градби за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија-фотоволтаични електрани со инсталирана моќност до 0,5MW );

Следниот Урбанистички проект за инфраструктура за изградба на резервоар за вода, со намена Е1.5-Инфраструктури на водоснабдувањето, КО Делчево, Општина Делчево дел од кп 8426 ко Делчево, се однесува на просторот на м.в. Чуката во Трети реон, а наредниот Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за КП 3730 КО ЗВЕГОР ВОН ГРАД Општина Делчево- Е1.13-ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ се однесува на градби за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија-фотоволтаични електрани со инсталирана моќност до 1MW ).

Такви урбанистички проекти ќе има и во иднина бидејќи тоа станува доста популарно во денешни време и ќе са јавува потреба од дополнување на оваа Програма, што практично значи дека по покрената иницијатива од заинтересирани правни и физички лица можат да се донесуваат урбанистички планови опфатени во член 10 од Законот за урбанистичко планирање, во опфат на Генералниот урбанистички план , надвор од опфат катастерските општини на градот сите села во општината.

Финансирањето урбанистичките планови го врши Општината од средства предвидени со Буџетот на Општината Делчево како и средства од заинтересирани правни и физички лица согласно законската регулатива.

Претседателот отвори расправа по оваа точка и за збор се јави дејан Георгиевски кој рече дека како претседател на Комисијата за урбанизам сега, а и во претходниот мандат забележува дека некои планови се повторуваат секоја година (ред.бр.1,2,3, 6 и други) и праша која е причината за тоа. Постојано се предлагаат во програмата, Советот ја донесува, советниците гласаат и постојано се гласаат едни исти планови. Во што е проблемот?, праша Дејан Георгиевски.

Горан Петровски истакна дека има повеќе причини за тоа, дел од вината е во самото министерство, а дел е меѓу самите инвеститори (нерасчистени односи).

Претседателот на Советот, Гоце Попов, рече дека во целост се сложува со забелешката на Дејан Георгиевски и рече дека во оваа програма има урбанистички планови чии постапки започнале пред 7 и повеќе години. Тоа е поразитилен факт за сите нас, сите приватни иницијативи ги поднесуваат приватни инвеститори кои сакаат да инвестираат тука. Самиот факт дека тие сакаат да инвестираат тука е за поздравување

бидејќи тоа носи бенефит, нови работни места, носи прогрес, носи поголем приход на Општината (комуналии), со еден збор, носи развој. Не сме сега тука да ја бараме вината, секако дека има дел од вината и во Министерството, но вина има и во Одделението за урбанизам при Општина Делчево. Вината јас лично ја гледам во некоректниот/лош однос кон странките (инвеститорите во овој случај), непочитувањето и нестручното водење на управната постапка, нарушени меѓучовечки односи во самото одделение и слично. Искрено се надевам дека ние како Совет ќе бидеме последни што ќе ги читаме и гласаме некои од овие урбанистички планови. Во иднина планирам да се формира Партиципативно тело од областа на урбанизмот кое пред се ќе работи и кое на некој начин ќе врши надзор или, еве ќе употребам, поблаг збор, ќе врши увид во работата на самото одделение и сметам дека ќе биде од голема помош и на одделението и на Градоначалникот. Не велам дека целата вина е во одделението, но дека и тоа има вина, има, истакна претседателот на Советот, Гоце Попов.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а Програмата со предлогот, точката 4 да биде избришана, беше ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2022 година

**Тринаесетта точка-Предлог-Одлука за приоритетен проект „Набавка на контејнери за цврст отпад" во општина Делчево во рамки на грантот од Проектот за подобрување на општинските услуги финансирани со заем од Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка), Компонента В: Грантови за успешност;**

Образлагач по оваа точка беше Тони Стоименовски-Советник за Локален економски развој кој рече дека со оваа Одлука се дава поддршка и согласност на општина Делчево за средства обезбедени во рамки на грантот од Проектот за подобрување на општинските услуги финансирани со заем од Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка), Компонента В: Грантови за успешност да се наменат и искористат за проектот „ Набавка на контејнери за цврст отпад ". Проектот „Набавка на контејнери за цврст отпад ", општина Делчево ќе бидат наменети и поставени во најсиромашните села во општината согласно донесената урбанистичка ревизија, а тоа се Стар и Нов Истевник, Бигла, Полето, Очипала и Илиово.Износот на Грантот за успешност е во зависност од вредноста на успешно реализираните под-заеми за имплементација на проектот: „Подобрување на јавните општински услуги во општина Делчево-",-Изградба на станбена улица бр.3 од СТ.0+237.00 ДО СТ. 0+606.33"-MSIP2-NCB-036-21 кој е во висина од 7,493,900 , 60 мкд од кои 5.266.748 мкд се средства од Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка),а остатокот од буџетот на општина Делчево.Вкупната проектна вредност на проектот е 1422021.90 со вклучен ДДВ, Грант средства кои се обезбедени од Компонента В: Грантови за успешност се во висина од 1422021.90 мкд.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА", против и воздржани, нема, Советот на Општина Делчево ја донесе -Одлуката за приоритетен проект „Набавка на контејнери за цврст отпад" во општина Делчево во рамки на грантот од Проектот за подобрување на општинските услуги финансирани со заем од Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка), Компонента В: Грантови за успешност;

**Четиринаесетта точка-Прашања и предлози на членови на Совет.**

Оливера Ташевска праша:

1.Дали може да го добие Барањето што Општина Делчево го има поднесено до Агенцијата за државни патишта во рска со реконструкцијата на делница од регионалниот пат Р2346 Трaботивите-Разловци?

2.Дали Советот како институција може да поднесе исто такво Барање до Агенцијата за државни патишта во рска со реконструкцијата на делница од регионалниот пат Р2346 Трaботивите-Разловци?

Градоначалникот на Општината истакна дека општината нема надлежност за регионалните патишта и од тие причини е испратено Барње до ЈП за држвани патишта тој и патниот парев за с. Габрово, да бидат вметнати во Програмата на ЈП за државни патишта. Ние како Општина и да имаме средства не смееме да вршиме интервенцина на било кој регионален пат (делница) и слично. Инаку, Барањето можете да го побарате од општинската администрација и ќе Ви биде доставено. Вие, ако советници имате право да барате да ви бидат доставени сите материјали, документи, проекти кои ви се потребни за вашата работа.

Сашко Ивановски праша дали "Индустриска" е дел од регионален пат или не и кој има обврска да го чисти снегот од таа улица бидејќи ланската година снегот не беше исчистен?

Градоначалникот истакна дека „Индустриска" е улица, локален пат, надлежност за чистење на снегот има операторот што го добива тендерот што го распишува Општината. Некогаш била дел од регионалниот пат Делчево-Голак, но потоа со нова категоризација е локален пат.

Претседателот на Советот Гоце Попов, постави прашање до Раководителот на Одделението за урбанизам преку Градоначалникот:

„Преку Архива на Општина Делчево пред 50 дена имам доставено Барање до Раководителот на Одделението за урбанизам за тоа колку одобренија за градење досега не се издадени и зошто? Одговор немам добиено, прво барав одговор усно, ми беше сугерирано да доставам писмено барање, барање е доставено пред 50 дена, одговор-нема. Се обидов и преку претседателот на Комисијата за урбанизам, но и така не успеав да добијам одговор. Јавно прашувам Градоначалниче, на кој начин и како да добијам одговор на моето барање јас како претседател на Советот", истакна претседателот на Советот.

Градоначалникот рече дека идејата за формирање на Партиципативно тело од областа на урбанизмот е добра и се надева дека ќе функционира и ќе се подобри работата на Одделението за урбанизам. Многу пати и ние како Општина-инвеститор не добиваме одобрение за градење, секако дека има застој во тоа одделение, еве ќе се обидам, ќе прашам во што е проблемот, рече тој.

Иван Гоцевски

Патот за Разловци на потегот Вирче-Трaботивиште многупати воопшто не е употреблив, под итно е потребна интервенција (тампонирање) бидејќи луѓето немаат пристап до своите имоти.

Со исцрпувањето на дневниот ред, Третата седница на Советот на Општина Делчево, заврши со работа во 17.30 часот.

Записникот го водела<br>
Снежана Трајкова

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО<br>
Претседател,<br>
Гоце Попов